**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп 1 бр.** 08-534
05.03 **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-397 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно со член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-13 од 05.01.2015 година, за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, за подрачјето D1 – Црн Врв – Скопје (Скопје, Петровец, Арачиново, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Илинден), за телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на ромски јазик и македонски јазик.

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Со оглед на тоа дека ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, во законски определениот рок, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, во согласност со член 83 став 1, од истиот Закон достави Предлог Уп1 08-397 од 16.02.2015 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.08-13 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата на 6-та седница одржана на ден 17.02.2015 година, со Заклучок, бр.02-1174/8 од 17.02.2015 година, го усвои доставениот Предлог, Уп1 бр.08-397 од 16.02.2015 година, од Директор и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, во врска со што до радиодифузерот согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, му беше доставено Известување Уп1 бр.08-397 од

18.02.2015 година, во кое му се укажа дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-397 од 16.02.2015 година, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.08-13 од 05.01.2015 година, и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 08-397 од 16.02.2015 година, не ја исполнил обврската предвидена во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-1588/12 од 03.03.2015 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-397 од 03.03.2015 година, за одземање дозволата на ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.08-13 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14,101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп1 бр.08-397 од 03.03.2015 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје;
- Агенција за електронски комуникации.